**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Муамет Шеху, претседател на советот, Филип Трифуновски, Антоанета Димовска, Субхи Јакупи и Диљавер Бектеши, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотарот В.А. од С., по одржаната расправа во согласност со членот 20 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка Нотарската комора на РСМ, во присуство на нотарот, на ден 28.5.2024г., го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Нотарот В.А. од С. **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 5) од Закон за нотаријатот, поради тоа што на ден 21.9.2021г., под ОДУ бр.951/21, потврдил приватна исправа - Договор за дар на недвижен имот, во кој на крајот на изворникот на нотарската исправа, но над потписот на нотарот, рачно е напишано името и презимето на дарувачот но нема своерачен потпис, со што нотарот не постапил во согласност со членот 40 став (2) од Законот за нотаријатот, поради што се казнува со дисциплинска мерка – јавна опомена.

2. Нотарот В.А. од С. **виновен е** за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во Книгата на потписи за 2021г. за месец октомври 2021г., на страница 1362 под реден број 10569, за месец април 2022г., страница 460 под реден број 3950 и за месец декември 2022г., на страница 1399 под реден број 12547, до денот на надзорот - 29.11.2023г., не е водена уредно Книгата за потписи, односно во рубриката 5) не се потпишани учесниците или странките кои се запишани во Општиот деловен уписник и во Уписникот за заверка и потврди, што не е во согласност со членот 111 став (1) точка е) од Законот за нотаријатот и членот 25 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обновување на нотарските списи и исправи,

начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија, поради што се казнува со дисциплинска мерка – јавна опомена.

3. За дисциплинските повреди опфатени со точка 1) и 2) од диспозитивот на решението, се изрекува единствена дисциплинска мерка – јавна опомена.

**ДИСЦИПЛИНСКИ СОВЕТ НА НОТАРСКА КОМОРА**
**Претседател на советот**
**Муамет Шеху**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението може да се изјави жалба до Второстепениот дисциплински совет во рок од 8 дена по приемот на истото.

ДН:
-Нотарот;
-Архивата на НКРСМ;
-По конечноста до Министерство за правда;